Бр./Nr 12-1199/4
17-06-2024 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на продолжението на 6-тата седница одржано на 12.06.2024 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Постапката по предметот со број 12-5325/1 од 16.11.2023 година, оформен по доставена пријава во која е изразено сомневање за неправилности во постапка за набавка на училишни униформи за учениците во ООУ /// – /// во текот на 2023 година, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека во случајот со утврдената фактичка состојба не е констатирана повреда на Закон. Воедно, за предметниот случај веќе постапил друг надлежен орган.

Предметот со број 12-5325/1 од 16.11.2023 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познат подносител на ден 16.11.2023 година поднесена е пријава во која е изразено сомневање за неправилности во постапка за набавка на училишни униформи за учениците во ООУ /// – /// во текот на 2023 година, и оформен е предмет број 12-5325/1 од 16.11.2023 година.
Сомневањето изразено во пријавата се однесува на начинот на којшто била спроведена постапка за избор на правно лице – добавувач на униформи. Сомневањето е засновано на наводи за нетранспарентност на постапката за избор и на барање униформите од страна на родителите да се платат во готово наместо со уплата на сметка. Во пријавата доставена до ДКСК подносителот информира дека за случајот бил известен и Државниот просветен инспекторат.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за доставување податоци и информации до Државниот просветен инспекторат.

Од увидот во податоците, информациите и документацијата доставени на барање на ДКСК утврдена е следната фактичка состојба:
По примена претставка со наводи кои се поистоветуваат со наводите од пријавата доставена до ДКСК постапил Државниот просветен инспекторат - во ООУ /// - /// бил извршен вонреден инспекциски надзор при што на 03.10.2023 година бил изготвен Записник во кој не биле констатирани неправилности.
Имено, при извршен увид во Записник од 11.05.2023 година од состанок на Советот на родители одржан на 27.04.2023 година, Државниот просветен инспекторат констатирал дека воведувањето на униформи за учениците од ООУ /// - /// било иницијатива на Советот на родители согласно членот 127 од Законот за основното образование. Како што е наведено во одговорот на Државниот просветен инспекторат, за воведувањето на униформи како иницијатива на Советот на родители, на 08.05.2023 година бил информиран и Наставничкиот совет, по што Советот на родители на 10.05.2023 година формирал четиричлена Комисија за избор на најповолен понудувач во постапка за набавка на униформи, којашто на 29.06.2023 година избрала една најповолна од вкупно три прибавени понуди.
При извршениот инспекциски надзор Државниот просветен инспекторат утврдил дека постапката за избор и начинот на плаќање на униформите во случајот го реализира Советот на родители, и дека Училиштето не врши обврзување на родителите да купат униформи, не врши наплата за униформите и не врши избор на фирма за изработка на униформите. Воедно, Државниот просветен инспекторат констатирал дека конкретната постапка за набавка на униформи за учениците била иницијатива на Советот на родители согласно членот 127 од Законот за основно образование.
Согласно одредбите на членот 127 од Законот за основното образование, за организирано остварување на интересите на учениците во основното училиште од родителите, односно старателите на учениците се формира Совет на родители на училиштето. Покрај другите работи што ги врши Советот на родители согласно членот 127 од Законот за основното образование, Советот дава мислење и предлага мерки за подобрување на наставата и воннаставните активности, и иницира и спроведува активности за подобрување на квалитетот на училиштето,

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека во случајот со утврдената фактичка состојба не е констатирана повреда на Закон. Воедно, за предметниот случај веќе постапиле други надлежни органи.

Оттаму, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Татјана Димитровска

Изработил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител
Одобрил: Б.К.Ш., член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата